Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС АД
Бр. 0204 -401
04.03.2025 год.
ТЕТОВО

ТТК БАНКА АД
СКОПЈЕ
Примено: 05-03-2025

| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 02 | 2053/1 | 1 | |

До

ТТК Банка АД Скопје
ул.Народен фронт бр.19/а
1000 Скопје

-Управен одбор
-Собрание на акционери

/за Годишно Собрание на акционери/

Предмет: Достава на Предлог - одлука по предложена точка на Дневен ред на Годишното Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје

Врз основа на Јавниот повик за свикување на Годишно Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје објавен на ден 1.3.2025 година, а во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, акционерот Тетекс АД Тетово, кој поседува над 5% од вкупниот број на акции со право на глас, за Годишното Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје закажана за ден 2.4.2025 година, ПРЕДЛАГА по точка 8 од Работниот дел од предложениот Дневен ред за усвојување/донесување на следната

1.Предлог-Одлука за именување независен член на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје

која е во прилог на овој допис.

Предложениот кандидат за независен член на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје Слаѓан Михајловски поседува професионални квалификации да ја извршува работата од делокругот на работењето на Надзорниот одбор на Банката и ќе придонесе Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје доследно да ги извршува работите од своја надлежност.

Во прилог на овој предлог, а во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговски друштва, се доставуваат и податоци на предложениот кандидат за независен член на Надзорниот одбор на Банката, кои треба да бидат достапни до акционерите.

Тетекс АД Тетово

Волнарски комбинат Тодор Циповски Мерџан
ТЕТЕКС АД 1
ТЕТОВО

<u>ПРЕДЛОГ</u>

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48 став 1, член 50 и член 51 став 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 2.4.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

### Член 1

За независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години се именува Слаѓан Михајловски.

### Член 2

На именуваниот независен член на Надзорниот одбор му се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во согласност со донесена одлука од Собранието на акционери.

### Член 3

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваниот независен член на Надзорниот одбор во Трговскиот регистар.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

____________________

| **ПОДАТОЦИ ЗА НОМИНИРАН КАНДИДАТ ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ** | |
|---|---|
| Име и презиме | Слаѓан Михајловски |
| Возраст (датум на раѓање) | 13.09.1965 |
| Пол | Машки |
| Образование | Високо (УКИМ – ФЕИТ насока ИКТ) |
| Функција (работно место) која во моментот ја извршува | Главен Извршен Директор на Инфините Солутионс ДОО |
| Професионални и други квалификации | Применети ИТ вештини во секторите:<br>- Банкарство,<br>- Професионални услуги,<br>- Државна администрација,<br>- Логистика и<br>- Здравство<br>Искусен аналитичар на деловни процеси<br>Консалтинг<br>Проектен менаџмент<br>Одлични комуникациски вештини<br>Лидерство<br>ИТ Систем Архитект<br>Исклучителен организатор<br>Тимски соработник<br>Учесник на повеќе од 100 конференции и обуки од областа на ИТ, Консалтинг и меки вештини.<br>Добро познат член на македонскиот ИТ сектор |
| Работно искуство и како е стекнато | Главен Извршен Директор на Инфините Солутионс ДОО - 20 години;<br>Национален акаунт менаџер во Fujitsu Services London, претставништво за Македонија - 5 години<br>Постар МИС/ЕДП Советник во Македонски Банкарски Оперативен Центар, проект на УСАИД - 1 година<br>Раководител на ИТ системот во Универзитетски Клинички Центар Скопје - 7 години |
| Во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор | Главен Извршен Директор на Инфините Солутионс ДОО;<br>Косопственик на Инфините Солутионс ДОО (30% удел);<br>Претседател на Управен одбор на МАСИТ - ИКТ Стопанска комора; |
| Други поважни функции што ги вршел | Претседател на комитет за Софтвер и Услуги на МАСИТ - ИКТ Стопанска комора;<br>Советник на проект на Светска Банка за воведување на ИТ систем во Македонското здравство на национално ниво |
| Бројот на акции што ги поседува во Банката и во други друштва | Во ТТК нема, 30% удел во Инфините Солутионс ДОО |
| Заемите и другите обврски што ги има кон Банката | Нема |